## НАЈСЕКСИ ЛИЦЕ НА СИТЕ ВРЕМИЊА



Популарната британска ТВ-куќа "Channel 4" спроведе анкета на нивниот сајт за 100 најсексипилни лица на сите времиња, каде на прво место се најде холивудската ѕвезда Анџелина Џоли. Второто место му припадна на легендарниот пејач Елвис Присли, а третото место го доби животниот партнер на Џоли, машката секс икона на денешнината - Бред Пит. Четвртото место ѝ припадна на легендарната Мерлин Монро, а на петтото се лоцира пејачката Бијонсе Ноулс, која неодамна беше избрана за најпосакувана жена во светот.






## JAMIROQUAI ИЗВЕДЕ КОНЦЕРТ ВО АВИОН



Популарниот пејач Jamiroquai (UK), на 27 февруари одржа концерт во авион и со тоа го собори Гинисовиот рекорд за концерт одржан на најголема височина. На височина од 10.000 метри, пред избрана публика од 200 гости, Jamiroquai ги извел своите најголеми хитови, а авионот имал посебно дизајнирано осветлување и озвучување, кое леталото го трансформирало во професионална сцена. Откако авионот слетал во Атина, концертот продолжил пред собраната публика и обожавателите. Ова е прво музичко случување кое некогаш се одржало покрај авион на меѓународен аеродром, што деновиве стана топ тема во соседна Грција. Концертот го организираше Sonny Ericsson, како промоција за новата линија walkman, мобилни телефони.